# ОКРУЖНО ПОСЛАНИЕ „ЦРКВАТА Е ЕДНА”

## ДО БОГОЉУБИВОТО СВЕШТЕНСТВО, ПРЕПОДОБНОТО МОНАШТВО И БЛАГОЧЕСТИВИОТ НАРОД ВО БОГОСПАСУВАНАТА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА

Бидејќи средствата за информирање во Р. Македонија упорни се во својата намера да го обезвреднат врховниот критериум на Црквата Божја, а тоа е нејзиното единство што е „столб и тврдина на вистината” за кои говори апостол Павле, просветлени од Божјата благодат и вдахновени од Духот Свети, ние митрополитот Велешки и повардарски и егзарх охридски, решивме да се обратиме преку ова пастирско послание до сите кои во Црквата гледаат спасение и вечен живот, а не само профит и личен интерес како што на жалост деновиве се покажа дека многумина од оние кои се во врвот на расколничката црква, смислата на животот ја гледаат во сопствениот комфор. Тешко е за световните луѓе да разберат дека комфорноста и материјалната удобност немаат ништо заедничко со вистинската Црква, бидејќи таа е секогаш во борба со злото и секогаш подготвтена да ризикува секаква удобност само заради вистинскиот живот кој е безвреден ако не е во заедница со Бога. Не е грев да бидеш богат, меѓутоа, непростлив грев е богатството и удобноста да ти постанат бог и да ја жртвуваш вистината заради комфорот.

Со голема жалост и духовна болка, денес, секој трезвеноумен христијанин констатира дека на „великодостојниците” на расколничката црква во Р. Македонија подрага им е лагата завиткана во скапа амбалажа, отколку голата вистина која понекогаш е болна и пече и страда, меѓутоа, единствена е вечна и единствена која води во заедница со троичниот Бог. Не е ли една голема лага, браќа наши, тоа дека расколничката црква во Р. Македонија била автокефална? Та нели автокефалијата е за другите, не за самите нас? Ние секогаш сме автокефални. Секоја помесна Црква возглавена со својот епископ е автокефална. Меѓутоа, таа автокефалија треба да ја прифатат другите. Во случајов, автокефалијата на расколничката црква никој не ја прифатил. Затоа што другите не мразат? Не, туку затоа што триесет и пет години таа црква живее во лагата на сопственото расколништво.

Основана е како политчка црква. Не треба да се заборави дека таа е единствената црква во светот која е створена во комунистичките режими. Каква пародија? Комунистите кои ги уништуваат црквите во Македонија создадоа црква. И требаше на политиката не за да биде Црква која ќе спасува и ќе води до вечен живот, туку за преку неа да ја контролира дијаспората. Дијаспората во тоа време, зборуваме за 1967г., беше опозиција на тогашната комунистичка власт и никако на друг начин не можеше да се контролира освен преку црквата. Но, од друга страна, за црквата да не се одметне и да не постане непослушна на тогашната комунистичка власт требаше да се најдат што понедостојни епископи кои секогаш ќе бидат условувани од политичарите. Така, за првите канадидати за епископи, тоа се сега покојните: свештеник Нестор Поповски и

подоцнежните митрополити Наум и Методиј, СПЦ се изјасни дека не ги исполнуваат условите за примање на епископски чин, едноставно бидејќи ем сакаа да останат во брак ем сакаа да бидат епископи. Тоа во Православната Црква не е можно, да бидеш епископ во брак. Меѓутоа, она што не е можно во целата Православна Црква, можно е во Македонија. Не е можно и еден епископ со сила на полицијата да биде протеран од своето седиште, особено во услови кога Црквата е одвоена од државата, меѓутоа, тоа кај нас е нормално. Ние бевме протерани од својата резиденција со вперен пиштол во челото и тоа по нарачка на расколниците кои покажаа дека од 1967г. па сè до денеска тие се политичка организација со ориентација секогаш и по секоја цена да бидат до власта.

Што се однесува, пак, до Кирил и до Стефан, за нив и пилците знаат. Едниот откако лежел во затвор заради убиство им се видел најпогоден на комунистите да го постават за владика, секако со намера секогаш да го имаат во џеб. И навистина, до денес го имаат во џеб. Другиот, пак, по природа човек кој секогаш можеш да го водиш за нос каде што ќе посакаш им се виде најприкладен на тогашната владеечка гарнитура и повторно со политички методи го поставија за архиепископ. Тоа што човекот е без никаков углед во паствата, тоа никого не го интересира. Исто како во времето на комунизмот кога доаѓал потпретседателот на Владата на Р.М. кој во исто време бил и Претседател на комисијата за односи со верските заедници и на членовите на Синодот им кажувал кој ќе биде наредниот архиепископ.

Секој кој добро ја познава историјата на Црквата знае дека нема можност без жртва да се сведочи за вистината. Сведоштвото за вистината бара подготвеност за страдање. Затоа, не е чудно што сакајќи да ја одмениме лагата и да го излечиме расколот, ние, но и целата жива Црква во Р. Македонија се најде во ситуација да биде гонета со слични методи како оние на незнабожечките римски кесари во првите три векови после Христа. Оние кои нè познаваат знаат дека ние се согласивме да го примиме епископскиот чин само заради тоа да ја промениме таа нездрава состојба на расколот која до нашата хиротонија за епископ, полни триесет и една година ја цепеше Црквата во Р. Македонија. Вдахновени од единството кое е основна смисла на Црквата, се трудевме сиве овие четири години да најдеме помалку радикален начин за лечење на расколот. Меѓутоа, сè остана безуспешно бидејќи расколот не е надворешна состојба на црквата, тој е внатрешна состојба на схизофренија на луѓето кои решаваат за иднината на Црквата. Ако човекот е внатрешно поделен, ако е во состојба на потенцијална схизофренија, зашто схизофренијата е раскол на сопствената личност, тогаш нема никаква можност таквиот човек да биде во единство со другите, а да не зборуваме за тоа дека не може да допринесе за единство на Црквата. Схизофренијата или расколот на душата денес е најраспространета болест во светот. Таа е болест на човек кој сака да има два или повеќе идентитети, да седи на две или на повеќе столици. Меѓутоа, епископите треба да имаат само еден трон, само една столица и да ја чуваат честа на таа столица бидејќи, како вели Св. Игњатиј Антиохијски, на истата таа столица на која седат епископите седи и Самиот Бог. Ако, пак, тие, епископите кои треба да бидат чувари на единството на Цркавта живеат во личносен раскол, ако се духовно расцепени и имат схизма со себе си, како е можно да не бидат во раскол со другите?

Но, тоа можеби и не би била ништо повеќе од личносна трагедија на поеделните епископи воколку таквата состојба на личносен, а од тоа предизвикан и црковен раскол, тие не ја озваничат како нормална состојба за Црквата. Денес живееме во ситуација како расколот да е нормална работа. Ќе најдеме изговор дека сите нè мразат, дека ни завидуваат, но никако да погледнеме во нас, дека нашата личносна поделеност е причина за расколот во Црквата. Ако епископот не го црпи сиот свој идентитет од Бога, ако живее за некоја било која друга цел која не е заедница со Бога, па дури нека е тоа и цел за највисок хуманизам, тој човек е во раскол со себе си и во раскол ја води целата

Црква. Така стигнавме треиесет и пет годишниот раскол да ни биде нормална ситуација, омразата кон другите Цркви и нации простор во кој ги воспитуваме наредните генерации. И затоа стигнавме до овде. Без пријатели, да не речеме без браќа тогаш кога ни е најтешко. Не е можно цел свет да биде во криво, цел православен свет да не ја признава автокефалијата, а само Кирил и нему истомислените владици во Синодот да бидат во право. Но, во тоа е катастрофата на схизофренијата односно расколот, сите ти се виновни, а само ти си прав.

Не успејаа да докажат дека литургиското и канонско единство е противцрковна постапка. Сега, финансиските скандали направени во целата земја, сакаат да ни ги припишат нам. Но, така било и порано. Св. Атанасиј, кој Црквата го почитува како Велики, дури пет пати бил гонет од својата катедра во Александрија. Не можејќи да докажат дека неговото учење и неговите дела се нецрковни, го обвиниле за финансиски скандали. И не само тоа. Го протерале од катедрата за некојси случај со т.н. „ленени стихари". Сепак, Атанасиј за Црквата е Велики, а имињата на многу од неговите противници не се ниту забележани. Нема споредба помеѓу нашата смиреност и Свети Атанасиј, но, познава ли историјата на Црквата, некој кој постанал исповедник на верата, без труд, без мака, без лажни обвинувања, без да има непријателства и клевети од нечестивиот, без страдања, или без гонења? Исповедништвото со маченииштво е највисокиот критериум на Црквата, зашто, оној кој е подготвен да страда за верата и вистината, тој уште пред биолошката смрт го наследил Царството Божјо.

Ќе даде Господ да се докаже дека ниту еден денар од она за што нè обвинуваат не е потрошено во штета на Црквата. Но, тие што не обвинуваат ќе треба да одговорат: Зошто потпишале во Ниш, Согласност за она што сега со нашето литургиско и канонско единство постана стварност, а потоа ги повлекоа потписите? Не изгледа ли тоа како децата кога играат криенка, па велат: пу, неважи?

Црквата Божја е наднационална. Тоа не значи дека е ненационална. Таа е составена од различни народи, но тоа не е нејзин идентитет. Нејзиниот идентитет е литугиското единство со Бога, прво, на секоја личност пооделно со Него, а потоа, на секоја личност со секоја друга која е во Бога. Во личносните односи не се распознаваме по националноста, туку, по кавалитетот на љубовта. Затоа, бесмислено е некој да нè смета за предавници затоа што влеговме во литургиско и канонско единство со целата православна екумена. Тоа е цел и смисла на секоја вистинска Црква, освен на оние кои го возљубиле расколот повеќе од единството само затоа што имаат индивидуален интерес од таквата состојба. Ние не сме помали патриоти сега откако влеговме во единство со целата Црква во вселената. Напротив, дури сега сме вистински патриоти зашто другите можат да нè примат и прифатат такви какви што сме. И српскиот патријарх Павле, и рускиот патријарх Алексеј го признаа идентитетот на нашиот народ како и територијалниот интегритет на нашата држава. Што треба луѓето друго да направат за да ни докажат дека не им е проблем нашата нација, туку, проблем е расколот кој е нездрава црковна ситуација, проблем со други зборови е тоа што на овдешните расколнички епископи и секако на атеистите и незнабошците во Р. Македонија не им пречи што веќе триесет и пет години не се во комуникација со другите сестрински Цркви.

На жалост, национал романтизмот останавме да го живееме последни во светот. Европските земји го одживеаја во деветнасетиот век, балканските земји во првата половина на дваесеттиот век, а ние останавме последни да го живееме во дваесет и првиот век. Немајќи доволно верско образование не знаеме да направиме поредок помеѓу верата и националната припадност. Верата е наднационална. Таа е спасителна и за вечен живот. Нацијата е биолошка карактеристика и до некаде културна придобивка. Но, таа не спасува. Не ги решава онтолошките човекови проблеми. Затоа ни е потребна

вера во единство со Бога и со народот Божји. Само таа вера го решава човековиот проблем со смртта.

Ваш горешт молитвеник пред Господа,

Митрополит велешки и повардарски
и егзарх охридски

Јован